Акционерско друштво
за осигурување и реосигурување
МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
Бр. 02-5137/1
22.05 2024 год.
СКОПЈЕ

МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

Врз основа на член 383 став 3, член 395 став 4 и член 407 од Законот за трговските друштва, член 39 став 7 и став 8 од Правилата за котација на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје, член 163 од Законот за супервизија на осигурување, член 2 став 1 точка 2 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување, одредбите од Статутот на МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштвото), а во врска со точките од процедуралниот дел на Јавниот Повик за свикување на собрание бр.02-4080/2-1 од 19.04.2024 година, Собранието на Друштвото на својата седница одржана на 22.05.2024 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА

**за избор на Претседавач, определување на начин на броење на гласови и определување на записничар за работата на Собранието**

1. За Претседавач на Собранието на Друштвото, кое се одржува на ден 22.05.2024 година, се именува **Ангел Шојлев**.

2. Претседавачот на Собранието на Друштвото ги има правата и обврските дефинирани во Законот за трговските друштва и другите позитивни прописи, како и Статутот на Друштвото. Мандатот на Претседавачот трае до изборот на претседавач на наредното собрание кое треба да биде одржано.

3. Броењето на гласови по точките од дневниот ред утврден со Јавниот повик за свикување на Собранието на Друштвото ќе се остварува преку посебен софтвер со кој управува Секторот за информатичка технологија на Друштвото.

4. Записникот за работа на Собранието на Друштвото кое се оджува на ден 22.05.2024 година ќе го води **Нотар Ана Весова**.

Pursuant to Article 383 paragraph 3 and paragraph 4, article 395 paragraph 4 and article 407 of the Trade Companies Law, article 39 paragraph 7 and paragraph 8 of the Listing Rules issued by the Macedonian Stock Exchange JSC Skopje, article 163 of the Law on insurance supervision, article 2 paragraph 1 item 2 of the Book of Regulations issued by the Insurance Supervision Agency regarding the regular information obligation in accordance with the local Law on insurance supervision, the provisions of the Statute of MAKEDONIJA Insurance JSC Skopje – Vienna Insurance Group (hereafter: the Company), with respect to items of the procedural session of the Public Notice for calling the Shareholders Meeting of the Company no. 02-4080/2-1 dated 19.04.2024, the shareholders of the Company at its **Shareholders Meeting** held on **22.05.2024** passed the following:

## RESOLUTION

**For appointment of the chairperson, determination of the votes counting method and appointment of minutes taker of the Shareholders Meeting**

1. As the Chairperson of the Shareholders Meeting held on 22.05.2024 of the Company **Angel Shojlev** is appointed.

2. The Chairperson will have rights and obligation as set out by the Company Statute, the Trade Companies Law and other legal regulations and bylaws thereof. The Chairperson is elected with mandate till the election of a chairperson for the next shareholders meeting.

3. The shareholder's votes regarding the Shareholders Meeting Agenda will be counted by the Company IT Department officials by specially developed IT operational system for votes counting.

4. The Minutes of the Shareholders Meeting held on 22.05.2024 of the Company shall be taken by **Ana Vesova**, the Public Notary.

МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

5. Записникот за работата на Собранието, во текст и содржина предвидени во Законот за трговските друштва, треба да се изготви во рок од 3 (три) дена од денот на од денот на неговото одржување.

6. Оваа Одлука ќе се објави на официјалната интернет страница на Друштвото и на СЕИ НЕТ системот на Македонската берза за хартии од вредност АД Скопје.

7. Оваа Одлука ќе се достави до Агенцијата за супервизија на осигурување.

8. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

5. The Minutes of the Shareholders Meeting shall be prepared not later than 3 (three) days after the date on which it was held, in accordance with the provisions of the Law on trade companies.

6. This Resolution will be announced on the Company's official web page and on the System for Electronic Information's from listed companies of the Macedonian Stock Exchange JSC Skopje.

7. This Resolution will be delivered to the Insurance Supervision Agency of Republic of North Macedonia.

8. This Resolution shall enter into force on the date of its approval.

**МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп**
**MAKEDONIJA Insurance JSC Skopje - Vienna Insurance Group**
**Претседавач / Chairman**

____________________________
**Ангел Шојлев / Angel Shojlev**

Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ VIENNA INSURANCE GROUP

Акционерско друштво
за осигурување и реосигурување
МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP
Бр. 02-5137/2
22.05 2024 год.
СКОПЈЕ

МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

Врз основа на член 518 и член 528 од Законот за трговски друштва, член 20 од Статутот на МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп, како и одредбите Одлука за прифаќање одобрување на предлог Спогодба за присоединување на ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп АД Скопје кон МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп од 07.12.2023 година, Собранието на акционери на Друштвото на својата седница одржана на 22.05.2024, година ја донесе следната:

According to Article 518 and 528 of the Law on Trade Companies, Article 20 of the Statute of MAKEDONIJA Insurance JSC Skopje - Vienna Insurance Group and the Resolution for acceptance and approval of the draft Accession Agreement for accession of WINNER - Vienna Insurance Group JSC Skopje to MAKEDONIJA Insurance JSC Skopje - Vienna Insurance Group dated 07.12.2023, the Shareholders' of the Company, at its Meeting held on 22.05.2024, adopted the following:

## ОДЛУКА
**за прифаќање и потврдување на Спогодба за присоединување**

## RESOLUTION
**for acceptance and confirmation of the Accession Agreement**

### Член 1

Собранието на акционери на Друштвото ја прифаќа и потврдува Спогодбата за присоединување на ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп АД Скопје кон МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп со Прилог 1 - Пречистениот текст на Статут, Прилог 2 - Списокот на акционери на Друштвото што се присоединува и Прилог 3 - Список на вработени во Друштвото што се присоединува, одобрена од Управните и Надзорните одбори на Друштвата на ден 07.12.2023 година и склучена односно потпишана од членовите на Управниот одбор и Претседателот на Надзорниот одбор на друштвата на ден 20.12.2023 година.

Спогодбата за присоединување на ВИНЕР - Виена Иншуренс Грип АД Скопје кон МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп, составена во форма на нотарски акт ОДУ бр.187/23 од 20.12.2023 година од страна на Нотар Ана Весова од Скопје, заедно со прилозите коишто се нејзин составен дел беше достапна и дозволена за увид на акционерите на Друштвото во законски утврдениот рок.

### Article 1

The Shareholders' Meeting of the Company accepts and confirms the Accession Agreement for the accession of WINNER - Vienna Insurance Group JSC Skopje to MAKEDONIJA Insurance JSC Skopje - Vienna Insurance Group with Annex 1 - Revised text of the Statute, Annex 2 - The list of shareholders of the Company subject to Accession and Annex 3 - a list of employees of the Company subject to Accession, approved by the Management and Supervisory Boards of the Companies on 07.12.2023 and concluded, i.e. signed by the members of the Management Board and the President of the Supervisory Board of the Companies on 20.12.2023.

The Accession Agreement of WINNER - Vienna Insurance Group JSC Skopje to MAKEDONIJA Insurance JSC Skopje - Vienna Insurance Group, composed in the form of public notary act ODU No. 187/23 of 20.12.2023 by the Public Notary Ana Vesova from Skopje, together with the Annexes that are an integral part of it, was available and allowed for inspection by the shareholders of the Company within the legally established term.

Со прифаќање и потврдување на Спогодбата за присоединување на ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп АД Скопје кон МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп, Собранието на акционери на Друштвото го одобрува присоединувањето на ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп АД Скопје како друштво коешто се присоединува, кон МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп, како друштво коешто презема, согласно роковите и условите утврдени во Спогодбата за присоединување.

Спогодбата и прилозите кон истата се дадени во прилог на оваа Одлука.

**Член 2**

По уписот на статусната промена во Централниот регистар на Р.Северна Македонија, ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп АД Скопје ќе престане да постои како правно лице без да се спроведе ликвидација, а целокупниот имот и обврски ќе преминат на МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп.

**Член 3**

Се овластува Претседателот на Управниот одбор на Друштвото да ги преземе сите неопходни дејствија за спроведување на оваа Одлука и да ги потпише сите релевантни документи за упис на статусната промена - присоединување во Централниот регистар на Р. Северна Македонија.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Собранијата на акционери на ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп АД Скопје и МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп на ден 11.07.2023 година донесоа Одлуки за отпочнување на постапка за стаусна промена – присоединување на ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп кон МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп со универзален пренос на целокупниот имот и обврски на Друштвото што се присоединува, во замена за акции од Друштвото што презема, во согласност со позитивното законодавство, при што ВИНЕР - Виена

By accepting and confirming the Accession Agreement of WINNER - Vienna Insurance Group JSC Skopje to MAKEDONIJA Insurance JSC Skopje - Vienna Insurance Group, the Shareholders' General Assembly of the Company approves the accession of WINNER - Vienna Insurance Group JSC Skopje as a Company subject to accession to MAKEDONIJA Insurance JSC Skopje - Vienna Insurance Group as an acquiring Company in accordance with the conditions and the deadlines established in the Accession Agreement.

The Accession Agreement and its Annexes are considered as integral part of this Resolution.

**Article 2**

After the registration of the status change in the Central Registry of the R.North Macedonia, WINNER - Vienna Insurance Group JSC Skopje will cease to exist as a legal entity without liquidation, and the entire property and liabilities will be transferred to the MAKEDONIJA Insurance JSC Skopje - Vienna Insurance Group.

**Article 3**

The President of the Management Board of the Company is authorized to take all necessary actions for the implementation of this Resolution and to sign all relevant documents for the registration of the status change - accession in the Central Registry of the R. North Macedonia.

**Article 4**

This Resolution shall become effective on the date of its approval.

**EXPLONATION**

The Shareholders Meetings of WINNER - Vienna Insurance Group JSC Skopje and MAKEDONIJA Insurance JSC Skopje - Vienna Insurance Group on 11.07.2023 adopted Resolutions for initiation of the status change or reorganization - accession of WINNER - Vienna Insurance Group JSC Skopje to MAKEDONIJA Insurance JSC Skopje - Vienna Insurance Group with a universal transfer of all the property and liabilities of the Company subject to accession, in exchange for shares of the Acquiring Company, in accordance with the positive legislation, whereby WINNER - Vienna

Иншуренс Груп АД Скопје како друштво што се присоединува престанува да постои без л иквидација.

Insurance Group JSC SKopje as a Company subject to accession ceases to exist without liquidation.

Согласно законските одредби, Управните и Надзорните одбори на Друштвата одобрија и склучија Спогодба за присоединување на ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп АД Скопје кон МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп во форма на нотарски акт ОДУ број 187/23 од 20.12.2023 година составена од Нотар Ана Весова од Скопје.

In accordance with the legal provisions, the Management and Supervisory Boards of the Companies approved and concluded an Accession Agreement of WINNER - Vienna Insurance Group JSC Skopje to MAKEDONIJA Insurance JSC Skopje - Vienna Insurance Group, composed in the form of notary act ODU No. 187/23 of 20.12.2023 by the Public Notary Ana Vesova from Skopje.

Во законските рокови Спогодбата за присоединување е доставена и е извршена предбележба на истата во Централниот регистар на Република Северна Македонија на 20.02.2024 година.

Within the legal timeline, the Accession Agreement was delivered and pre-notation was made of it in the Central Registry of the Republic of North Macedonia on 20.02.2024 year.

По извршената предбележба Спогодбата за присоединување е достапна за увид на акционерите.

After the pre-note, the Accession Agreement is available for shareholder insight.

Во согласност со Законот за супервизија на осигурување, статусната промена е одобрена со Дозвола за статусна промена издадена од Агенцијата за супервизија на осигурување бр. УП1 14-1-1211 од 22.04.2024 година.

In accordance with the Insurance Supervision Law, the status change is approved by a Status Change Permit issued by the Insurance Supervision No. UP1 14-1-1211 as of 22.04.2024.

Согласно позитивните законски одредби, Спогодбата за присоединување станува полноважна по прифаќање и потврдување на истата од страна на собранијата на акционери на Друштвата што учествуваат во процесот на присоединување.

According to the positive legal provisions, the Agreement becomes valid after its acceptance and confirmation by the Shareholders' General Assemblies of the Companies participating in the joining process.

Поради претходно споменатото се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Following the above explanation, the Resolution is made thereupon.

**МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп**
**MAKEDONIJA Insurance JSC Skopje - Vienna Insurance Group**
**Претседавач / Chairman**

______________________
**Ангел Шојлев / Angel Shojlev**

Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
Бр. 02-5137/3
22.05.2024 год.
СКОПЈЕ

МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP

Врз основа на член 417, 418 и 419 од Законот за трговските друштва, член 66 став 1 точка 1 од Законот за супервизија на осигурување, како и член 2 од Правилникот за начинот, постапката и документацијата потребна за добивање на согласности на Агенцијата за супервизија на осигурување, член 59 од Статутот (пречистен текст) на МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп бр. 0201-7727/2-1 од 14.11.2022 година (во понатамошен текст: Друштвото), а во врска со точка 3 од работниот дел на Јавниот повик за свикување на акционерско собрание бр. 02-4080/2-1 од 19.04.2024 година, акционерите на Друштвото на Собранието одржано на 22.05.2024 година ја донесоа следната:

Pursuant to Article 417, 418 and 419 of the Law on trade companies, article 66 paragraph 1 item 1 of the Law on insurance supervision, article 2 of the Book of regulation for the process, the procedure and the documentation needed for obtaining consents from the Insurance Supervision Agency and Article 59 of the Statute No. 02-7727/2-1- as of 14.11.2022 of the MAKEDONIJA Insurance JSC Skopje – Vienna Insurance Group (here below noted as: Company), in regards to item 3 from the working part of the Public Call for convocation of the Shareholders Meeting No.02-4080/2-1 as of 19.04.2024, the Shareholders of the Company at its Meeting held on 22.05.2024 adopted the following:

## СТАТУТАРНА ОДЛУКА

**за измена и дополнување на Статутот на Друштвото бр. 02-7727/2-1 (пречистен текст) од 14.11.2022 година**

1. Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Статутот на МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп (пречистен текст) бр. 02-7727/2-1 од 14.11.2022 година.

2. Се менува ставот 2 од членот 9 од Статутот и по извршената измена истиот гласи: **(2) Основната главнина на Друштвото изнесува 18,460,416.80 Евра или во денарска противредност пресметано според средниот курс на Еврото објавен од страна на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на донесување на одлуката за измена и/или дополнување на Статутот на Друштвото.**

3. Се менува членот 10 од Статутот и по извешената измена тој гласи: **Основната главнина на Друштвото е поделена во 919,162 обични акции.**

4. Се менува ставот 1 од членот 11 од Статутот и по извршената измена гласи: (1) Номиналната вредност на една обична акција изнесува во ЕУР 20.084.

5. Во членот 31, став 1 зборовите **„4 (четири)"** се менуваат со зборовите **„5 (пет)"**.

6. Во членот 36, став 1 од Статутот зборовите **„4**

## STATUTORY RESOLUTION

**for amending and supplementing of the Company Statute No. 02-7727/2-1 (Revised Text) as of 14.11.2022**

1. The Statute (Revised Text No. 02-7727/2-1 as of 14.11.2022) of MAKEDONIJA Insurance JSC Skopje – Vienna Insurance Group has been amended and supplemented with this Resolution.

2. The Article 9 and Paragraph 2 of the Statute shall be amended to read as follows: **(2) The Company principal capital is EUR 18,460,416.80 or in MKD equivalents calculated according to the average exchange rate of the Euro published by the National Bank of the Republic of North Macedonia on the day of adoption of the decision to amend and/or supplement the Company Statute.**

3. The Article 10 of the Statute shall be amended to read as follows: **The Company principal capital shall be split to 919,162 ordinary shares.**

4. The Article 11 Paragraph 1 of the Statute shall be amended to read as follows: (1) The nominal value of one ordinary share is EUR 20.084.

5. For Article 31, paragraph 1 of the Statute, the word **"4 (four)"** shall change to the word **"5 (five)"**.

6. For Article 36, paragraph 1 of the Statute, the

**(четири)**" се менуваат со зборовите „**5 (пет)**".

7. Сите останати членови на Статутот (пречистен текст) бр. 02-7727/2-1 од 14.11.2022 година остануваат непроменети.

8. Одлуката влегува во сила со денот на добивање на согласност за измена и дополнување на Статутот од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување.

9. По стапувањето во сила на оваа Одлука, Друштвото продолжува да работи на начин и под услови по кои е запишано во Трговскиот регистар што се води при Централниот регистар на РСМ.

10. Се овластува и задолжува Управниот одбор на Друштвото да подготви и потпише пречистен интегрален текст на Статутот.

11. Се овластува и задолжува Управниот одбор по влегување во сила на оваа Одлуката, да го запише изменетиот Статут во Трговскиот регистар што се води при Централниот регистар на РСМ.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Согласно одредбите од Законот за супервизија на осигурување и одредбите од Законот за трговските друштва, измените и дополнувањата на Статутот на Друштво се донесуваат со одлука на Собранието. Во конкретниот случај предлогот за измена и дополнување на Статутот на Друштвото е доставен до Собранието на акционери од страна на Управниот одбор на Друштвото. Согласно одредбите од Законот за супервизија на осигурување, измените и дополнувањата на Статутот се предмет на посебна согласност која ја издава Агенцијата за супервизија на осигурување, како регулатор на пазарот на осигурување во Република Северна Македонија.

Измените и дополнувањата на Статутот беа предложени и се вршат заради спроведување на статусна промена – присоединување на ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп АД Скопје кон МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје - Виена Иншурес Груп, што препоставува промена на основната главнина, бројот на акции од кои е составена основната главнина, како и бројот на членови во Управниот одбор и

number **"4"** shall be amended to the word **"5 (five)"**.

7. All other Articles of the Company Statute (Revised Text) No. 02-7727/2-1 as of 14.11.2022 shall remain unaltered.

8. This Resolution shall come into effect on the date the consent on the Company Statute amendments is delivered by the Insurance Supervision Agency.

9. After this Resolution takes effect, the Company shall continue its operation in a manner and under the conditions noted in the Trade Register kept by the Central Registry of the RNM.

10. The Management Board is hereby authorised and obliged to prepare and sign the revised text of the Statute.

11. After this Resolution takes effect, the Management Board is authorised and required to enter the new, revised Company Statute into the Trade Register kept by the Central Registry of the RNM.

**EXPLONATION**

Following the provision of the Law on insurance supervision and the Law on Trade Companies, the amendments and the supplements of the Company's Statute are subject to approval by the Company's Shareholders' Meeting. The proposal for amending and supplementing the Company Statute was delivered to the Shareholders Meeting by the Company Management Board. In accordance with the provision of the Law on trade companies, the amendments and the supplements of the Statute are subject to consent that should be isued by the Insurance Supervision Agency, as insurance market regulator in the Republic of North Macedonia.

The amendments and the supplement to the Statute are proposed and they are made for implementing the status change / reorganization - accession of WINNER - Vienna Insurance Group JSC Skopje by MAKEDONIJA JSC Skopje - Vienna Insurance Group, which entails a change in the capital, the number of shares, the number of members of the Management Board and the Supervisory Board.

Надзорниот одбор.

Поради претходно споменатото се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Taking in consideration the previously mentioned, it was decided as in this Resolution.

**МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп**
**MAKEDONIJA Insurance JSC Skopje - Vienna Insurance Group**
**Претседавач / Chairman**

______________________________
**Ангел Шојлев / Angel Shojlev**

Акционерско друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА, Скопје -Виена Иншуренс Груп-
МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ VIENNA INSURANCE GROUP

Акционерско друштво
за осигурување и реосигурување
МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп
Бр. 02-5137/4
22.05 2024 год.
СКОПЈЕ

ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА
VIENNA INSURANCE GROUP

Врз основа на член 421 од Законот за трговските друштва и член 20 од Статутот на МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп, Собранието на Акционери на Друштвото на својата седница одржана на 22.05.2024 година ја донесе следната:

Pursuant to articles 421 of the Law on trade companies and Article 20 of the Statute of the MAKEDONIJA Insurance JSC Skopje - Vienna Insurance Group, the Shareholders' General Assembly of the Company on its meeting held on 22.05.2024 adopted the following

# ОДЛУКА

**за зголемување на основната главнина со емисија на обични акции со право на глас од трета емсија заради спроведување на статусна промена – присоеднување на Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп Скопје кон Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп**

# RESOLUTION

**for increasing the basic/core capital by issuing ordinary shares that carry voting rights from the third emission for the purpose of status change (reorganisation) – accession of the Joint stock Company for insurance WINNER - Vienna Insurance Group Skopje by the Joint stock company for insurance and reinsurance MAKEDONIJA Skopje - Vienna Insurance Group**

**Член 1**

Со оваа Одлука се регулира начинот на кој Акционерското друштво за осигурување и реосигурување МАКЕДОНИЈА Скопје - Виена Иншуренс Груп (во понатамошен текст: Друштво што презема) ќе изврши зголемување на основната главнина со емисија на обични акции со право на глас од трета емисија заради спроведување на статусна промена - присоединување на Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп Скопје.

**Article 1**

This Decision regulates how the Joint stock Company for insurance and reinsurance MAKEDONIJA Skopje - Vienna Insurance Group (hereinafter: the Undertaking Company) will increase the share capital by issuing ordinary shares with the right to vote from the third issue for the purpose of enforcing the status change - reorganization / accession of the Joint stock company for WINNER - Vienna Insurance Group Skopje.

**Член 2**

Издавач на акциите е МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп, со регистрирано седиште на ул. 11 Октомври бр. 25 Скопје, со ЕМБС 4067037.

**Article 2**

The issuer of the shares is MAKEDONIJA Insurance JSC Skopje - Vienna Insurance Group, with its registered seat at address: Street 11 Oktomvri No.25, Skopje, CRN: 4067037.

**Член 3**

Емисијата на предметните акции претставува трета емисија на акции на Друштвото што презема, по пат на приватна понуда.

**Article 3**

The issue of the respective shares represents third issue of shares by the Acquiring Company, by private offer.

**Член 4**

Целта поради која се издаваат акциите е зголемување на основната главнина на Друштвото што презема заради спроведување на присоединување на ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп АД Скопје (во натамошниот текст „Друштвото што се присоединува„) кон МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп, со пренос на целокупниот имот и на обврските на Друштвото што се присоединува кон Друштвото што презема, со што Друштвото што се присоединува ќе престане да постои без да се спроведе негова ликвидација, во замена за акции од страна на Друштвото што презема.

**Article 4**

The increase of the basic/core capital of the Acquiring Company is carried out for the purpose of the accession of the WINNER - Vienna Insurance Group SC Skopje (hereinafter: "Company subject to accession") by the MAKEDONIJA Insurance JSC Skopje - Vienna Insurance Group, whereby the entire assets and liabilities of the Company subject to accession will be transferred to the Acquiring Company, and the Company subject to accession shall cease to exist without initiating any liquidation procedure in exchange for stocks in the Acquiring Company.

**Член 5**

Акционерот на Друштвото што се присоединува ќе стекне акции издадени од Друштвото што презема во соодност од 0.50 за секоја акција на Друштвото што се присоединува.

**Article 5**

The shareholder of the Company subject to accession shall acquire shares issued by the Acquiring Company at the exchange ratio of 0.50 shares to each share of the Company subject to accession.

ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА
VIENNA INSURANCE GROUP

**Член 6**

Друштвото што презема ќе изврши зголемување на основната главнина преку нова емисија - издавање на 201,700 обични акции со право на глас, со номинална вредност од ЕУР 20.084 по акција, со вкупен номинален износ или вкупна вредност на емисијата од ЕУР 4,050,942.80.

**Член 6**

The Acquiring Company shall increase its basic/core capital by a new issue of 201,700 ordinary shares that carry voting at their nominal value of EUR 20.084 per share, generating a nominal value of EUR 4,050,942.80.

**Член 7**

Акционерот на Друштвото што се присоединува, кој како резултат на присоединувањето добива акции во Друштвото што презема, ќе стекне акции кои даваат права еднакви со правата на акциите на акционерите на Друштвото што презема, вклучувајќи право на глас, право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и исплата во случај на ликвидација или стечај, во секој случај во согласност со законите на Република Северна Македонија и Статутот на Друштвото што презема, од датумот на запишување на акциите во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

**Article 7**

Shareholders of the Company subject to accession, who as a result of the accession shall hold shares in the Acquiring Company, will exercise the same rights attributable to these shares as the rights conferred on shareholders by shares in the Acquiring Company, including the right to vote, right to payments for a part of the profit (dividend), and the right of a creditor in case of liquidation or bankruptcy, which is, nevertheless, in compliance with the legal regulations and laws in the Republic of North Macedonia and the provisions set forth in the Statute of the Acquiring Company, commencing from the date of entry of the shares in the Central Securities Depository SC Skopje.

**Член 8**

Акционерот на Друштвото што се присоединува, кој со присоединувањето стекнува акции на Друштвото што презема од датумот на регистрирање на акциите во Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје, ќе има права од акции, вклучително и право да учествува во добивките (дивиденда) доколку Друштвото што презема донесе одлука за распределба на добивка како дивиденда.

**Article 8**

Shareholders of the Company subject to accession who by virtue of the accession hold shares in the Acquiring Company from the effective date of registration of the shares in the register of shareholders in the Central Securities Depository SC Skopje shall exercise their right, including the right of a claim to dividends of the Acquiring Company (if any) pursuant to the resolutions of the Company on dividend distribution.

**Член 9**

Новоиздадените акции на Друштвото што презема ќе бидат запишани во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, по Датумот на регистрација на статусната промена и по уписот на зголемувањето на основната главнина на Друштвото што презема во Централниот Регистар на Република Северна Македонија („ЦРССМ“), како и бришењето на Друштвото што се присоединува од ЦРРСМ. Акционерот на Друштвото што се присоединува ќе стекне сопственост на новоиздадени акции на Друштвото што презема во согласност со соодносот наведен во Член 5 од оваа Одлука, чиишто акции ќе бидат ставени на неговата сопственичка сметка за хартии од вредност што се водат во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

**Article 9**

The new issued shares of the Acquiring Company will be registered in the Central Securities Depository SC Skopje, after the date of registration of the status change and after the registration of the increase of the basic / core capital of the Acquiring Company in the Central Registry of the Republic of North Macedonia ("CRRNM"), as well as the deletion of the Company subject to accession by CRRNM. The shareholder of the Company subject to accession will acquire ownership of new issued shares of the Acquiring Company in accordance with the ratio specified in Article 5 of this Decision, whose shares will be placed in his ownership account for securities maintained in the Central Securities Depository value AD Skopje.

**Член 10**

Друштвото што презема во рок од 5 (пет) работни дена од Датумот на регистрација на статусната промена во Централниот

**Article 10**

The Acquiring Company shall notify the Securities and Exchange Commission of the Republic North Macedonia on the status

Регистар на Република Северна Македонија ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија и ќе објави известување за јавноста за бројот на запишани акции и за реализација на емисијата.

change (reorganisation) within the period of five (5) working days after the effective Date of registration and will publicly announce the number of recorded shares and the issue of shares.

**Член 11**

Издавањето на новите акции ќе се спроведе во рок од 15 календарски дена од конечноста на решението на Комисијата за хартии од вредност за одобрение за издавање на акции заради статусна промена.

**Article 11**

The new issue of shares shall be carried out within the period of fifteen (15) calendar days starting from the effective date of the Resolution of the Securities and Exchange Commission on approval of the stocks issue for the purpose of status change (reorganisation).

**Член 12**

Распределбата на акциите од оваа емисија ќе се изврши согласно одредбите на Спогодбата за присоединување, а врз основа на дозвола за статусна промена издадена од Агенцијата за супервизија на осигурување на Република Северна Македонија.

**Article 12**

The shares of this issue shall be distributed in accordance with the provisions of the Accession Agreement, subject to status change permit that should be issued by the Insurance Supervision Agency of the Republic North Macedonia.

**Член 13**

Идентитетот на стекнувачот на акциите кои што ќе бидат издадени од страна на Друштвото што презема е акционерот на Друштвото што се присоединува, со следните податоци:

- ВИЕННА ИНСУРАНЦЕ ГРОУП АГ Виенер Версицхерунг Групе, со седиште во Република Австрија, Виена 1010 (поличка општина Виена) на ул. Схоттенринг 30, со ЕМБС FN 75687 f.

Акционерот на Друштвото што се присоединува ќе стекне 201,700 обични акции кои согласно оваа Одлука ќе се издадат од страна на Друштвото што презема, и тоа акции со право на глас, со номинална вредност од ЕУР 20.084 по акција, со вкупен номинален износ или вкупна вредност на емисијата од ЕУР 4,050,942.80.

**Член 13**

The identity of the acquirer of the shares that will be issued by the Acquiring Company is the shareholder of the Company subject to accession, with the following data:

- VIENNA INSURANCE GROUP AG Wiener Versicherung Gruppe, with registered seat in the Republic of Austria, Vienna 1010 (political municipality of Vienna), on str. Schottenring 30, with company no. FN 75687 f.

The shareholder of the Company subject for accession will acquire 201,700 ordinary shares which, in accordance with this Resolution will be issued by the Acquiring Company, shares with voting rights, with a nominal value of EUR 20,084 per share, with a total nominal amount or total value of the emission from EUR 4,050,942.80.

**Член 14**

За оваа емисија на акции Друштвото што презема ќе објави соопштение во јавност.

**Article 14**

The Acquiring Company shall prepare and publish related press for this share issue.

**Член 15**

За се што не е регулирано со оваа Одлука ќе се применуваат одредбите од позитивните законски прописи кои ја регулираат оваа материја.

**Article 15**

Any dispute related to a matter or issue which has not been regulated by this Resolution shall be governed by the respective legal regulations.

**Член 16**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Article 16**

This Resolution shall become effective on the date of its approval.

ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА
VIENNA INSURANCE GROUP

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со оваа Одлука се предлага издавање на нови акции на МАКЕДОНИЈА Осигување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп, со издавање на 201,700 обични акции со право на глас, со номинална вредност од ЕУР 20.084 по акција, со номинален износ од ЕУР 4,050,942.80. Издавањето на акциите ќе се врши заради спроведување на присоединување на ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп АД Скопје кон МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп.

Имено, Собранијата на акционери на двете друштва, на седниците одржани на 11.07.2023 година донесоа Одлуки за отпочнување на постапка за присоединување на ВИНЕР - Виена Иншуренс Груп АД Скопје кон МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп со универзален пренос на целокупниот имот и на обврските на Друштвото што се присоединува, во замена за акции од Друштвото што презема, во согласност со позитивното законодавство, при што Друштвото што се присоединува престанува да постои без ликвидација. Преносот на имотот и обврските од Друштвото што се присоединува во Друштвото што презема се врши во замена за акции на Друштвото што презема.

Акционерите на Друштвото што се присоединува кои како резултат на присоединувањето добиваат акции во Друштвото што презема, ќе стекнат акции кои даваат права еднакви со правата од акциите на акционерите на Друштвото што презема, вклучувајќи право на глас, право на исплата на дел од добивката (дивиденда) и исплата во случај на ликвидација или стечај, во секој случај во согласност со законите на Република Северна Македонија и Статутот на Друштвото што презема. Новоиздадените акции на Друштвото што презема ќе бидат регистрирани во Централниот депозитар за хартии од вредност на Северна Македонија, по датумот на регистрација на присоединувањето и по регистрирање на зголемувањето на основната главнина на Друштвото што презема во ЦРРСМ, согласно закон. Акционерите на Друштвото што се присоединува ќе стекнат сопственост на новоиздадени акции на Друштвото што презема во согласност со соодносот наведен во точка 5 од оваа Одлука, чиишто акции ќе бидат ставени на нивните сопственички сметки за хартии од вредност што се водат во Централниот депозитар за хартии од вредност на Република Северна Македонија.

## EXPLONATION

This Resolution proposes issuance of new shares of MAKEDONIJA Insurance JSC Skopje - Vienna Insurance Group with issue of 201,700 ordinary shares that carry voting rights at their nominal value of EUR 20.084 per share, generating a nominal value of EUR 4,050,942.80. The share issue is done for the purpose of accession of WINNER - Vienna Insurance Group JSC Skpoje by MAKEDONIJA Insurance JSC Skopje - Vienna Insurance Group.

In fact, the Shareholders' General Assemblies of both Companies held a meetings on 11.07.2023 respectively whereat they adopted Resolutions to initiate the accession procedure where WINNER - Vienna Insurance Group JSC Skopje would be acquired by MAKEDONIJA Insurance JSC Skopje - Vienna Insurance Group through general transfer of the entire assets and liabilities of the Company subject to accession to the Acquiring Company in exchange for stocks in the Acquiring Company, pursuant to the statutory legal regulations, whereby the Company subject to accession shall cease to exist without initiating any liquidation procedure. The transfer of the entire assets and liabilities of the Company subject to accession shall be made in exchange for the stocks in the Acquiring Company.

Shareholders of the Company subject to accession, who as a result of the accession shall hold shares in the Acquiring Company, will exercise the same rights attributable to these shares as the rights conferred on shareholders by shares in the Acquiring Company, including the right to vote, right to payments for a part of the profit (dividend), and the right of a creditor in case of liquidation or bankruptcy, which is, nevertheless, in compliance with the legal regulations and laws in the Republic of North Macedonia and the provisions set forth in the Statute of the Acquiring Company. The new shares issued by the Acquiring Company will be registered in the register of shareholders in the Central Securities Depository of North Macedonia after the effective Date of registration and after the entry of the increased basic/core capital of the Acquiring Company in the trade register of the CRRNM, pursuant to the laws. Shareholders of the Company subject to accession shall become holders of these new shares issued by the Acquiring Company and the shares shall be converted by the exchange ratio as stated under the Item 5 of the Resolution hereto. The shares of these holders will be entered into their personal accounts kept in the register of shareholders in the Central Securities Depository of North Macedonia.

ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА
VIENNA INSURANCE GROUP

Во согласност со член 9 од Законот за хартии од вредност, издавањето на хартии од вредност ќе се изврши врз основа на претходно добиено одобрение од Комисијата за хартии од вредност.

Pursuant to article 9 of the Securities Law, the issue of securities is performed subject to prior consent given by the Securities and Exchange Commission.

Врз основа на горе наведеното, се донесе оваа Одлука.

Based on the explanation given above, this Resolution is adopted.

**МАКЕДОНИЈА Осигурување АД Скопје - Виена Иншуренс Груп**
**MACEDONIA Insurance JSC Skopje - Vienna Insurance Group**
**Претседавач / Chairmen**

______________________________

**Ангел Шојлев / Angel Shojlev**

Акционерско друштво за осигурување МАКЕДОНИЈА, Скопје - Виена Иншуренс Груп -
МАКЕДОНИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
VIENNA INSURANCE GROUP